АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-2252/27
07-11-2013 год.
СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07 ,130/08 ,97/10, 53/11, 185/11) , пречистен текст Сл.весник бр.24/12, член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје и врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-2252/6 од 29.10.2013 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-2252/7 од 29.10.2013, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-2252/26 од 06.11.2013 од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**07/2013** за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на тонери за печатари и компјутерска галантерија

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-2252/6 од 29.10.2013 г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр.05-2252/7 од 29.10.2013 по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.07/2013, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-2252/26 од 06.11.2013 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2252/2 од 18.09.2013г. Одлука за избор на понудувачи кои ќе учествуваат на е-аукција бр.05-2252/13 од 01.11.2013 година за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, за Набавка на стока- **Набавка на тонери за печатари и компјутерска галантерија**, Договорот за јавна набавка се доделува на:

**„ АМЦ " ДОО**
**ул. „ Моша Пијаде " б.б., ТЦ Соравија 10 кат, П.фах 96 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 12 (дванаесет) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната

Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

- Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за финансии за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално пкршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:
- Сектор за финансии,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива